МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Ноември 2011
БРОЈ 124

## Дијалогот придонесува во развојот на општината

Во ноември оваа година граѓаните на Крива Паланка во два наврати (на третата и четвртата форумска сесија) се сретнаа и разговараа за решенијата на дел од проблемите со кои секојдневно се соочуваат. Тие дискутираа за пет концепти, а потоа и за пет проекти.

Граѓаните даваа коментари и забелешки на предлозите. „Задоволство ми е што учествувам на Форумот на заедницата и што можам да бидам дел од одлучувачкиот процес за решавање на одредени проблеми кои ги мачат граѓаните. Форумот за мене е големо и драгоцено искуство за стекнување на нови партнерства и вештини во изработка на проекти, кои ќе ми користат понатаму, не само во професијата, туку и во Организацијата на жени, каде што сум активен член", вели Трајанка Трајковска.

На третата форумска сесија присуствуваше и Татјана фон Штајгер Вебер, раководител на канцеларијата за соработка и Ибрахим Мехмети, национален координатор на Програмата за добро владеење од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ). „Програмата Форуми во заедниците овозможува директна соработка на граѓаните со општината и секогаш кога ги посетувам општините задоволна сум од граѓаните, кои одвоиле време и напорно работат помеѓу сесиите за да и помогнат на општината. Ваквиот дијалог е тоа што прид", рече Фон Штајгер Вебер во своето обраќање до граѓаните на Крива Паланка.



На дел од четвртата форумската сесија присуствуваше и градоначалникот Арсенчо Алексовски. „Сите предлози и препораки, кои дојдоа од граѓаните на форумот, ќе бидат земени в предвид од страна на локалната самоуправа. Најважно е што ќе знаеме на кои приоритетни проблеми треба да се фокусира нашата општина. Проектите кои нема да можат да се реализираат од проектниот фонд во овој форумски циклус, ќе се залагаме да ги финансираме од други извори на средства и фондови", додаде тој.

## Соработката на локалната власт со граѓанскиот сектор е услов за добро владеење

На 25 ноември 2011 г. на Скопскиот саем МЦМС ја одржа националната конференција „Граѓански дијалог на локално ниво: размена на искуства". Конференцијата беше дел од саемот на општините ЗЕЛС ЕКСПО. Целта на конференцијата беше да се споделат резултатите и искуства од пилот општините Битола, Дебар и Јегуновце.

Присутните ги поздрави Сашо Лазаровски, заменик министер за локална самоуправа. Тој нагласи дека соработката со граѓанскиот сектор е услов за добро владеење на локално ниво и дека локалните власти имаат одговорност да ја вклучат пошироката јавност во планирањето на развојот на општината, во утврдувањето на заедничките приоритети и во реализацијата на проектите.

Ирена Иванова, раководител на програми во Делегацијата на ЕУ изрази задоволство од спроведувањето на проектот и најави дека, достигнувањата во овие пилот општини ќе бидат добар пример за регионалните стратегии за соработка со граѓанските организации што Европската унија планира да ги поддржи наредната година.

За стратегијата за општина Дебар зборуваше Арберор Баша, советник за ЛЕР во општина Дебар: „Општина Дебар како главен актер за иницијативи од јавен локален карактер, преку овој документ претендира не да замолчи туку да мотивира, не само да зборува, но и да слушне, не да контролира, но и да создава клима каде што граѓанскиот сектор во вистинска смисла ќе се развие."



*Од Националната конференција*

На крајот, Виолета Налевска, советник за ЛЕР и задолжена за соработка со граѓанските организации во општина Битола ја претстави Стратегијата за соработка со граѓанските организации и нивниот постојан развој во општина Битола.

Конференцијата се организираше во рамките на го проектот „Граѓански дијалог на локално ниво" кој е поддржан од Делегацијата на ЕУ во Скопје од ЕИДХР.

## Заеднички приоритети и активности за прекугранична соработка

Во текот на месецот се одржаа две работилници за прекугранична соработка и вмрежување. Првата работилница се одржа од 3 до 4 ноември во Маврово, на која учествуваа 18 организации од полошкиот регион и пет организации од регионот Дибра во Албанија. Додека втората работилница се одржа од 10 до 11 ноември во Струга, на која учествуваа 19 организации од југозападниот регион на Македонија и три организации од регионот на Елбасан во Албанија.



*Од работилницата во Струга*

Целта на работилниците беше да се идентификуваат приоритетните прашања и да се испланираат заеднички активности на граѓанските организации од полошкиот и југозападниот регион за соработка со организациите од пограничниот регион на Албанија.

Учесниците во работни групи ја анализираа состојбата, идентификуваа и избраа приоритетни проблеми и дефинираа заеднички активности и засегнати страни во повеќе области: вработување, одржлив развој, дискриминација и културно и природно богатство. Повеќето учесници препорачаа да се организираат повеќе слични тематски работилници и/или состаноци за соработка со организациите од пограничниот регион со Албанија.

„Имав слика што очекувам од оваа работилница, ми се допадна начинот на презентирање на многу релаксиран и јасен начин. Исто така ми се допадна групата, бидејќи имаше интеракција меѓу учесниците, размена на искуства, споделување на знаења и размена на контакти за можна идна соработка", ни кажа Јулијана Настовска од НВО Опција од Охрид.

Вакви работилници веќе се одржаа во Елбасан и Пешкопеја за организациите од пограничниот регион во Албанија.

Работилниците се одржаа во рамките на проектот „Прекуграничен форум на граѓански организации".

## Јавната чистота е приоритетот на граѓаните од Чешиново-Облешево

На повикот за првата форумска сесија во општината Чешиново-Облешево, на 3 ноември 2011 година, се одзваа 163 граѓани. Тие имаа можност да слушнат за тоа што претставува форумскиот процес и како ќе се одвива во следните неколку месеци. Во своето обраќање до граѓаните, градоначалникот Јордачно Лефков изрази уверување дека на оваа форумска сесија ќе има добри дискусии и заклучоци од кои ќе произлезат корисни проекти за сите граѓани на општина. На граѓаните им се обратија и Миодраг Колиќ од Единицата за координација на форумите и Димче Митрески, извршен директор на МЦМС.



## Одржана четвртата форумска сесија во општина Македонски Брод

На 9–ти ноември во просториите на ООУ" Св.Климент Охридски" се одржа четвртата форумска сесија што се спроведува во општина Македонски Брод. На сесијата учествуваа 88 жители од општината. На сесијата беа опфатени презентации и дискусии за проекција на расходите во општината за 2012 година. Во овие рамки, од страна на граѓаните беа дадени 25 предлози за расходи по две програми на општина Македонски Брод за 2012 г. и тоа: Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици, и Програма за развој на културата.



# Граѓаните за работата на Владата

Институтот за демократија (ИДСЦС) и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), ги истражуваа мислењата на граѓаните за работата на Владата на РМ и поддршката за одредени владини политики и проекти. Во продолжение следуваат заклучоците од анкетата. За подлабок увид во истражувачките наоди може да го погледнете извештајот „100 дена Влада - перцепции на граѓаните на РМ" од спроведената анкета.

Граѓаните се генерално задоволни од Владата - На генерално ниво мнозинството од граѓаните ја одобруваат работата на Владата. Запрашани за нивните перцепции за работата на Владата, повеќе од половина испитаници (54.1%) одговориле дека ја одобруваат. Малцинство на граѓани (37.8%) рекле дека не ја одобруваат работата на македонската Влада.




Владини стратешки приоритети – три од пет позитивно оценети - Од аспект на подобрување на евроатланските интеграции, меѓуетнички односи и борбата против криминалот и корупцијата, мнозинството граѓани (51,1% - 56,5%) сметаат дека Владата работи добро. По останатите декларирани стратешки цели од страна на Владата: економскиот развој и образованието, мислењето кај јавноста е поделено. Граѓаните начелно сметаат дека Владата не прави доволно за реформите во јавната администрација, судството и слободата на медиумите - Јавноста не се согласува дека Владата прави се што е неопходно по однос на клучните забелешките упатени во последниот извештај на ЕК. Таков став имаат мнозинство од граѓаните по однос на реформите на судството, јавната администрација како и слободата на медиумите.

Министерството за здравство - мајка и маќеа за етничките Македонци; за етничките Албанци, Министерство за правда најдобро, а Министерството за економија најлошо оценето - Министерството за здравство истовремено е најдобро и најлошо оценето во својата работа од страна македонската јавност. Најголем процент (32,9%) од етничките Македонци гласале за ова Министерство, а против биле 30% од нив. Политичката поларизираност на граѓаните влијае на овој став на јавноста. Кај етничките албански испитаници најдобро рангирано е Министерството за правда (28%), додека своето незадоволство најмногу го изразиле кон Министерството за економија (34,9%).

Економската состојба заеднички приоритет, етничките Албанци за исклучително важно го сметаат и образованието - Економската состојба е најголем заеднички приоритет на граѓаните без оглед на етничка или партиска припадност. Тоа што може да се забележи кај преференциите на етничките албански испитаници е дека образованието има висок приоритет што не е случај кај етничките Македонци (за образованието како област на која граѓаните лично посакуваат Владата да и посвети внимание се изјасниле 48,8% етнички Албанци и 10,2% етнички Македонци).Повеќето граѓани го подржуваат Скопје 2014; тие што не го прифаќаат сметаат дека парите можеа да се искористат поинаку - Мнозинство од граѓаните (51,1%) го подржуваат проектот Скопје 2014. Големо мнозинство од испитаните етнички Албанци не го прифаќаат проектот додека 59,1% од етничките Македонци го прифаќаат. Една четвртина од етничките Албанци го прифаќаат проектот. Големи мнозинства на симпатизерите на СДСМ, ДУИ и ДПА не го прифаќаат проектот како и мнозинство (53,3%) од неопределените. Од оние на кои не им се допаѓа, две третини сметаат дека парите можеле да се искористат на друго место.

Опозиција – власт/ два паралелни политички света, неопределените умерени - Преовладува силна политичка поларизација на ставовите за повеќето прашања. Перцепцијата за политичката реалност е исклучително спротивна кај партиските симпатизери од различни табори. По повеќето прашања испитаниците не успеваат да се издигнат над својата партиска наклонетост. Од аспект на структура на ставови, партиските симпатизери покажуваат слична конзистентност (доследност), но тврдокорноста (ригидноста) на ставовите е поизраснеа кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ. Половината од испитаниците, кои се изјасниле како партиски неопределени покажуваат умереност во ставовите и перцепциите.

Етничките Албанци доминантно критични - Без разлика на партиската припадност тоа што може да се констатира кај етничките Албанци е повисоко ниво на критичност. Прашани за општ впечаток, симпатизерите на ДУИ се благо критични кон Владата, но прашани за владините политики тие се изразено критични. Автори на истражувањето се Марко Трошановски и Миша Поповиќ од ИДСЦС.

**Табела 1. Дали ја одобрувате или не ја одобрувате работата на Владата?**

| Став | Вк. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | Не е симп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ја одобрувам | 54, 1% | 60 % | 36,2% | 95,6% | 12,9% | 43,5% | 11,5 % | 45,2% |
| Не ја одобрувам | 37,8 % | 30 % | 61, 5% | 3,2% | 84,7% | 54,1% | 88, 2% | 42,0% |
| Не знам | 8,1% | 9,9% | 3,2 % | 1,2% | 2,4% | 2,4% | | 12,8% |
| Вкупно | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
ул. Никола Парапунов бб, 1000 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.org.mk | mcms@mcms.org.mk